Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 27 став 6 и 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" број 32/20) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Неготино го донесе следното :

# РЕШЕНИЕ

за формирање на стручна комисија
за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета

За спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30,сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32, со тех. бр. 81/2023 од август, 2023 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје, се формира тричлена комисија во состав:

1. Ѓоко Аврамски маг.инж.арх. – Раководител на одделение за урбанизам,
2. Соња Маџирова дипл.инж.арх.- стручен работник, надворешен член овластување број 0.0411
3. Елена Дракуловска Гигов дипл.инж.арх.- изработувач на планот овластување број 0.0361.

Се задолжува стручната комисија да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета со образложение за прифатените и не прифатените забелешки за планот.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во текот на постапка за донесување на Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30,сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32, со тех. бр. 81/2023 од август, 2023 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје, а во согласност со член 27 став 6 и член 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање, се формира комисија задолжена да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета.

Стручната комисија е составена од три члена: Елена Дракуловска Гигов, дип.инж.арх. –носител на овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0361, како претставник на изработувачот на планот, Ѓоко Аврамски маг.инж.арх.- лице вработено во општинската администрација во одделение за урбанизам, претставник на донесувачот на планот, Соња Маџирова, дип.инж.арх.- стручен работник, со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0411, кој не е вработен во Општина Валандово.

Имајќи ја во предвид потребата од спроведување на постапката за донесување на Детален урбанистички план, како и одредбите од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение нема место за жалба, а против истото странката може да поведе управен спор.

Изработил: Стефан Димитров

Контролирал: Илија Матеев

Одобрил: Горан Дончев

Општина Валандово
Градоначалник
Перо Костадинов

Pero Kostadinov
Digitally signed by Pero Kostadinov
Date: 2023.09.11 08:53:27 +02'00'